**РепубликаСевернаМакедонија**
**Republika e MaqedonisësëVeriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ________________

_____________2024 год.

Скопје

**ДО**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД РАБОТНАТА ПОСЕТА НА О.С. О.

Врз основа на Заклучокот заведен во Советот под бр. 03-1928/1 од 04.10.2023 година, е формирана работна група од членовите на Судскиот совет: П.Ц. – координатор за следење на работата на О.С. О., м-р.М.М. и М.С.

Цел на посетата е да се изврши увид во работата на судиите во О.С. О., согласно член 20 став 3 од Судскиот Деловник и тоа: почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот, каква е состојбата со старите нерешени и застарени предмети во судот; констатирање и проверка на постапките по изземање во предметите како и оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа во судот.

Посетата е реализирана на 12.10.2023 година со цел за успешна реализација на посетата, претходно обезбедени се податоци од Годишниот извештај за работата на О.С. О. за 2022 година, од Извештајот за предмети во работа по судии и Акциониот план за намалување на старите предмети во сите оддели и отсеци

на О.С. О. за 2023 година  и извршен е увид во предмети  за водење на постапката по случаен избор од најстарите заведени предмети, како и предмети по основана преставка.

О.С. О. за периодот од 01.01.2023 година до 12.10.2023 година ја започнал со 5553 нерешени предмети, од кои 2514 нерешени предмети од кривичната област, 3020 предмети од граѓанска област и 19 предмети од судска управа. Во истиот период  примил во работа нови 13.821 нови предмети, од кои: 9301 во кривичен оддел, 4093 во граѓански оддел и 427 од судска управа.  Во овој период решил 13.317 предмети, од кои 8970 предмети во кривичен оддел, 3950 во граѓански оддел и 397 предмети од судска управа. Останале нерешени вкупно 6052 предмети и тоа 2843 нерешени предмети од кривична област и 3160 од граѓанска област, како и 49 од судска управа. Во овој период јануари – октомври 2023 година О.С. О.не го надминал приливот за 504 предмети. Мора да се напомене дека освен предмети за подрачјето за кои е месно надлежен О.С. О.евидентен е прилив на кривични предмети од други судови и покрај предметите од О.С. П. и О.С. Б. кои се пренесуваат заради иземање на судиите од овие судови и сите предмети заведени пред О.С. С. по обвинителни акти се пренесуваат во работа на О.С. О.

О.С. О. 2023 година ја започнал со 12 судии, иако по систематизациа и направената анализа од Судскиот совет, потребен број на судии е 18.Во месец октомври судот работи со 9 судии, еден судија со половина работно време и претседателот на судот затоа што судијата В.В. од 01.02.2023 година е распореден за судија во О.С. С., а судијата В.Д. се пензионирал во месец јуни, а судијата В.К. во месец август.

При посетата на О.С. О., на одржаната  средба со претседателот на судот, е разговарано по однос на состојбата со предметите, обемот на работа и ажурното решавање на истите, како и екипираност на судот со судии, стручни соработници и други од судската служба, а воедно разговарано е и со судијата Ирена Трајаноска.

Најголемиот број стари предмети  се предметите кај нотарите и тоа 1042.

**СУ -ИЗЗ – 1/23**

Прк – оштетениот роднина со судијата А.П.С. Бара да се се изземе судот во О. Претседателот со решение го отфрла.

**СУ- ИЗЗ – 2/23**

Барање за изземање од судијата бидејќи постапила како судија во претходна постапка по предметит КПП 1/23 и КНЗД 1/23. Барањето се усвојува – Во диспозитивот стои да се даде на работа на судијата Б.М. (прашан претседателот зошто така го пишува во диспозитивот, бидејќи нема друг судија кој може да постапува по тој предмет. Исто така е образложено во решението).

**СУ-ИЗЗ – 3/23**

Барање од судијата В.В. да биде изземан бидејќи странката има поднесено Кривична пријава против судијата.

Се усвојува барањето.

**СУ –ИЗЗ – 3/23**

Барање од обвинетиот за announced изземање на повеќе судии во кривичен предмет 204/22. Бидејќи оштетениот работел во ОЈО О., судот и ОЈО се на иста зграда. Сите судии дале изјава дека нема потреба од изземање и барањето се одбива како неосновано.

**СУ- ИЗЗ – 13/23**

Барање за изземање од страна на судијата Б.М. бидејќи против истиот обвинет има постапувано во претходна постапка.

Барањето се усвојува, и предметот к-43/23 да се додели на друг судија по АКМИС.

**СУ-ИЗЗ – 16/23**

Барање од страна на тужителот за изземање на судијата В.Д. за постапување по предмет МАЛВП – 58/21 се одбива. Со образложение дека судијата бил пристрасен према тужениот. Изјава од судијата дека не постојат причини, претседателот донел Решение, се одбива барањето.

**СУ-ИЗЗ -20/23**

Барање за изземање на судијата Е.П. од постапување по предметите П4-3/23 поднесена од тужениот.

Изјава на судијата дека не се вистините исказите на поднесителот дека не му поклонил верба и нема потреба од изземање.

Барањето се одбива.

**СУ-ИЗЗ 22/23**

Барање на тужителот за уземање на судијата. Со образложение дека судијата бил работно и професионално врзан со тужената. Судијата во изјава вели дека не се вистинити наводите.

Претседателот донел решение барањето се одбива.

**СУ-ИЗЗ-26/23**

Барање за изземање на судијата за кривичен предмет бидејќи постапувал како судија во претходна постапка.

Барањето се усвојува.

**СУ-ИЗЗ-33/23**

Барање од страна на судијата за изземање поради фактот дека приватен тужител има поднесена приватна кривична тужба против судијата. Барањето се усвојува.

**СУ-ИЗЗ-39/23**

По барање на судијата за нејзино изземање по предмет РО-89/23 бидејќи нејзиниот сопруг работел и бил застапник на тужениот.

Барањето се усвојува, а предметот се дава на работа на судијатга Богоја Стрезовски бидејќи согласно распоредот овие двајца судии се задолжени со работа во овие предмети.

**СУ-ИЗЗ – 42/23**

Барање на судијата да биде изземан од причина што истиот постапил во претходна постапка против истиот обвинет по истиот предмет.

Барањето се усвојува, предметот да се додели на друг судија преку Акмис.

**СУ-ИЗЗ – 51/23**

Барање поднесено од страна на тужителот за изземање на судијата. Изјава на судијата дека барањата се неосновани. Барањето се одбива.

Од страна на работната група беше побарана листа од АКМИС-от за извршено заведување на предметите кои се примени во судот до септември 2023 година и од истата е извршен случаен избор на најстарите граѓански и кривични предмети и побарани се да се изврши увид во нив.

**Предмет К-129/23 ( Предмет по кој постапува судија Б.М.)**

Обвинителен акт Ко 326/11 од 30.11.2013 година, за сторено едно кривично дело Безправно градење од чл.244-а ст.1 од КЗ.Прва расправа била закажана на ден 13.01.2014 година по оформен кривичен предмет К-522/13 и била одржана со испитвање на сведоци како и изведување на листата на доказите од страна на обвинителство и истата расправа била одложена заради отсуство на сведок за на ден 07.02.2014 каде продолжил доказна постапка со изведување на останатите докази како и завршни зборови на странки. Исто така пресудата била објавена и изготвена во законскиот рок за изготвување и донесена одлука со која се одбива обвинението.Против истата одлука била изјавена жалба на ден 10.02.2014 година, а кој предмет со одука КЖ-408/14 бил укинат и предметот се вратил на повторно шпостапување и укинување пред првоостепениот суд во О. При повторно постапување и одлучување бил оформен нов кривичен број К-220/14, примен на 17.07.2014 година и по одржани расправи била донесена Пресуда осудителна пресуда-алтернативна мерка условна осуда со одлука од 24.03.2016 година, за која одлука била изјавена жалба од 18.04.2016 година. Предметот пак бил укинат со Решение на А.С. Б. КЖ.323/16 од 01.02.2017 година на повторно постапување и одлучување и

оформен нов број К-46/17 каде биле закажани 15 главни расправи и донесена осудителна одлука од 14.09.2019 година. Против истата одлука пак била изјавена жалба од 29.10.2019 година, а А.С. Б. на ден 28.04.2020 година, донел Решение КЖ-612/19 со која првостепената одлука се укинува и предметот пак се враќа на повторно постапување и одлуќување пред првостепениот суд во О. Во О.С. О. по прием на предметот на ден 18.05.2020 година, бил пак оформен нов број на предмет К-135/20 каде биле закажани единаесет расправи и донесена одлука со која се одбива обвинението према обвинетиот. Против истата одлука пак била изјавена жалба со А.С. Б. каде на ден 21.03.2023 година, со Решение КЖ-25/23 судот ја укинува првостепената пресуда и предметот пак е вратен на повторно постапување и одлучување пред првостепениот суд во О. Откако предметот бил вратен пред О.С. О., бил оформен нов број К-129/23 и биле закажани три главни расправи и тоа на ден 13.09.2023 година, одложена расправа заради користење на годишен одмор на бранител на обвинетиот, потоа расправа закажена на ден 15.11.2023 година, одложена заради отсуство на застапник на обвинението, додека последна расправа е закажена за 21.02.2024 година (потврден факт од досие-контрола на судови).

**Предмет К-49/21**

Предмет оформен по број К-179/19, по кој постапува судија Б.М. по распределба на АКМИС системот, а по поднесеното обвинение КО-34/17 ОД 13.06.2017 година, на ОЈО О. против обвинетиот С.Г. за сторено едно кривично дело Полов напад врз дете кое не наполнил 14 години од чл.188 ст.1 од КЗ со предлог за определување куќен притвор и листа на докази кој требат да се изведат на главната расправа пред судот и тоа оштетен малолетно дете и неговиот родител, стручни лица од МЦСР О., педагог како и тројца сведоци од СВР О. На ден 13.07.2017 година, поднесениот приговор против обвинителниот акт се одбил како неоснован со Решение КООА-19/17. По однос на мерката притвор кој бил определениот со Решение КПП 14/17 од 30.01.2017 година продолжен последователно со Решение на Кривичен совет и Решение на А.С. Б. КСЖ-41/17 до 24.04.2017 година,се преиначувал и против истиот се определил мерка на претпазливост со Решение на В.С.Р.С.М. ВКЖ 9/17 од 14.06.2017 година. Наредна за закажување на главна расправа е од 19.10.2017 година која расправа била одложена иако обвинетиот бил уредно поканет, но

неговиот бранител доставил лекарски извештај. Расправата од 16.11.2017 година била одложена заради отсуство на судијата од здраввствени причини, додека главната расправа закажана на ден 20.12.2017 година се одржал  и започнал со давање на лични податоци на обвинетиот, давање на воцедни говори на странките, произнесувањето на обвинетиот по однос на вината, а во доказна постапка  биле распитани тројца сведоци од СВР О. од листа на докази на ОЈО О. На главната расправа од 30.01.2018 година било продолжена доказна постапка со доказите на обвинението и тоа распит на психолог како и изведени писмени докази, но расправата била одложена заради повикување и распит на вешти лица кој свој изказ го дале на 13.03.2018 година пред судот на расправа.На ден 09.05.2018 година, расправата започнала со доказите доставени од листа на докази на одбраната.На ден 18.06.2018 година расправата била одложена заради отсуство на  на застапник на обвинението, потоа расправата од 26.09.2018 била одложена заради медицинско вештачење по предлог на одбраната. На ден 24.10.2018 година расправата била одложена поради отсуство на обвионетиот оправдано поткрепено со медицинска документација. Наредната расправа на 10.12.2018 година одложена заради отсуство на судија по изборите на ССРСМ. Расправата на 13.02.2019 година заради неполн состав на советот, додека расправата од 16.04.2019 година одложена по предлог на застапник на обвинението поради испитување на вешти лица непосредно на главна расправа.На 03.06.2019 година пак одложена расправа заради отсуство на судечки судија. На ден 04.09.2019 година, засправата започнала одново заради протел на 60 дена согласно ЗКП, со воведни говори на странки, лични податоци на обвинетиот како и доказна постапка. Расправите од 17.10.2019 и 28.11.2019 биле одложени заради отсуство на судечки судија, за да пак расправата започна одново на ден 17.01.2020 година и одложена расправа заради отсуство на ЈО, на 07.02.2020 година. На 04.03.2020 година завршила доказна постапка и завршни зборови на странки и била објавена Пресуда К-179/17  со која се ослободува од обвинение обвинетиот.Против истата одлука била изјавена жалба на 19.05.2020 година, која одлука била укината од страна на А.С. со одлука КЖ-446/20 од 03.02.2021 година и предметот се враќал на повторно постапување и одлучување. По враќање на предметот и примен во судот на ден 25.02.2021 година, бил оформен нов број К-49/21 и до денот на посетата биле закажани 11 расправи каде на повеже расправи не бил присутен обвинетиот поради неговата влошена здравствена состојба во прилог медицинска документација од страна на негопвата одбраната, додека расправата на другите расправи биле

одложени поради испитување на вешто лице и издавање на наредба за изготвување на дополнително вештачење. Расправата од 04.07.2023 година била одложена со цел да се достави писмено вештачење како и другите три расправи по извршена посета од страна на работна група од ССРСМ и тоа од 07.11.2023,13.11.2023 и 14.12.2023 (факти од досие-контрола на судови).

**Предмет К-318/22**

Обвинителен предлог од ОЈО О. КО-68/18 од 06.11.2018 година, против обвинјетата за сторено кривично дело Измама по чл.247 ст.3 в.в со ст.1 в.в со чл.45 од КЗ.Оформен предмет во судот К-285/18, по истиот предмет биле закажани 21 главни расправи, донесена една пресуда К-285/18 од 14.08.2022 година, со која обвинетата се ослободува од обвинението. Против истата одлика била изјавена жалба од страна на ОЈО Охрид, па предметот со Решение КЖ-352/22 од 03.10.2022 бил укинат од страна на А.С. Б. и вратен на повторно постапување и одлучување. Оформен бил нов кривичен број К-318/22, на закажаната расправа на ден 06.02.2023 година, на обвинетата и била определен 30 дена притвор заради обезбедување на главната расправа, поради тоа што истата иако уредна повеќе пати не се јавила на судење, против одлуката за притвор била изјавена жалба од страна на нејзиниот бранител и истата мерка била укината со Решение К-248-23 од 13.07.2023 година. Вкупно биле закажани седум главни расправи, по извршена посета на раборна група од страна на ССРСМ биле закажани уште три расправи и донесена Пресуда со која обвинетата била огласена за винонва и осудувана на казна затвор со Пресуда К-318/22 ОД 27.10.2023 година, против која одлука има изјавена жалба (Факти од досие-контрола на судови).

**Заклучни согледувања**

По однос на предметите кои беа земени на увид непосредно во судот, согласно донесениот заклучок од страна на ССРСМ, може да се констатира дека и покрај фактот што се работни за стари кривични предмети од 2014, 2017 и 2018 година, во постапување на одредени предмети постои долго траење на постапки, одолговлекување од страна на учесниците, но не и секогаш по вина на судијата кој постапувал, иако истиот во голем случај ги превземал потребните дејствија за ефикасно окончување на постапката по одредени предмети.

**Стари граѓански предмети се:**

**ВПП 58/20**

С.Ѓ. и Н.Ѓ. против РСМ – ЈП Д.П. С.

Судија В.К.

Основ – Предлог за определување на паричен надоместо по Решение за експропријација

Немало спогодба за надоместокот.

Има поднесено вештачење од страна на бирото за с.в.

**Предмет ВПП 58-20**

Наредба за подготвително рочиште ВПП-58/20

Судија С.Ј.

Усна расправа на 30.10.2020 – рочиштето се одлага смрт на еден од сопствеництe. се одлага за 25.12.2020 година,

15.12.2020 – известување за презакажување за 03.02.2021 – ротирање на вработени во Д.П.

03.02.2021 – присутните го известија судот дека не добиле вештачење се одлага за 05.04.2021.

- 05.04.2021 – нема доказ за уредна достава према еден од поранешните сопственици, се одлага за 02.06.2021.

- 02.06.2021 – се оддржува, новиот полномошник на Н.Ѓ. да се запознае со вештачењето, бара да се одлага за 13.09.2021

- 13.09.2021- дополнување на вештачења, се одлага за 01.11.2021

- 01.11.2021 – одржува, доказна постапка,

Решение – се определува надоместок. ВПП – 58/20

Жалба од Д.П. во АС Б.

Решение ГЖ-2091/21 на А.П. Б.- Жалбата се одбива, Решението се потврдува .

Извршен е увид во ВПП.бр.3/23 кој е по предлог за физика делба поднесен на 25.10.2017 година, кај судијата С.Ј. – укинат па формиран од ВПП.бр.40/17.

-Одложено закажано рочиште од 22.01.2018 година;

-Одржана расправа на 14.02.2019 година;

- На 15.04.2020 година одржана е расправа;

-на 24.06.2020 година одржана е расправа;

-на 28.10.2020 година одржана е расправа;

-на 30.12.2020 година одржана е расправа;

-на 25.03.2021 година одржана е расправа;

- на 12.15.2021 година одложено рочиште поради не добиени податоци за предметните катастарски парцели од секторот за урбанизам од општина Д.;

- на 07.07.2021 година одржана е рочиште;

- одложена расправа заради достава на геодетски елаборат на странките;

- на 15.12.2021 година одржана е расправа;

- донесено решение 15.12.2021 година;

- решението е доставено на 20.01.2022 година;

-изјавена жалба на 07.09.2022 година и на истиот ден доставена на А.С.

**-МАЛВ.бр.52/17**

Судија Е.П.

-Поднесена тужба на 13.03.2017 година;

-Главна одржана расправа на 29.05.2017 година;

-Поради поднесено барање за изземање на судечкиот судија расправата од 06.07.2017 година е одложена до донесување на решение, односно одлучување по поднесеното барање за изземање;

-Усвоено барање за изземање на судијата Е.П. и по предметот продолжил да работи судијата В.Д.;

-Закажана расправа за 22.02.2018 година и истата е одржана;

-Одржана главна расправа на 17.05.2018 година;

-Одложена закажана расправа по барање на полномошникот на тужениот од причина што тужителката живее во Франција и истата да се произнесе по поднесокот од тужениот;

- Одржана расправа на 04.10.2018 година;

- Одржана расправа на 08.11.2018 година;

- Одложена расправа од 25.12.2018 година заради неуспешен обид на присуство на сведок;

- Одложена расправа на 04.04.2019 година заради донесена одлука да се изврши супервештачење;

- Одложена расправа на 20.11.2020 година заради непристигнато супервештачење;

- Одложена расправа на 18.02.2021 година заради исплата на паричниот износ за да се изврши супервештачење од Заводот за вештачење и списите да се испратат до истиот;

- На 27.05.2021 година одложена расправа по барање на странките да се произнесат по наодот и мислењето на Заводот за вештачење;

- Одложена расправа на 14.10.2021 година поради здравствени причини на судечкиот судија;

- Одржана расправа на 28.10.2022 година

- На 31.10 2022 година е поднесено барање да се произнесат по наодот и мислењето на Заводот за вештачење;

- Поради пензионирање на судечкиот судија предметот е распределен кај судијата И.Т. на 04.07.2023 година и закажана главна расправа за 02.11.2023 година.

Заклучок –во врска со застојот во постапувањето на судиите по предметите, имајќи го во предвид бројот на стари нерешени предмети, но, причините се од објективен карактер, недостаток на судии, голем прилив на предмет, отсуства –боледување на еден судија, пензионирање на судии што доведува до прераспределба на друг судија во извештајниот период се причини за застојот .

Членовите на Советот ги побараа предметите Малвп бр. 281/21, Малвп бр. 287/21, Малвп бр. 22/22 и Малвп бр. 138/22 – по претставка на И.С. од О., заведено во Советот под 03-79/1 од 22.02.2023 година и извршија увид во Малвп бр. 281/21и Малвп бр. 287/21 , а по однос на предметите Малвп бр. 138/22 и Малвп бр. 22/22 не се изврши увид затоа што истите се на одлучување во А.С. Б., воедно разговараа со судијата која постапува по истите-И.Т., со цел да се воочат причините за оддолговлекувањето на постапката по истите и да се надминат истите согласно доследна примена на

законските одредби, при што судијата наведе дека постапува и во граѓанска материја и има во работа 360 предмети, работи ВПП, ППНИ, од судијата Д. кога отишол во пензија примила 90 предмети , работи и стопански предмети и прибремени мерки за обезедување докази, и со оглед на големиот број на предмети, прави максимални напори и писмено да ги изработува донесените одлуки.

**МАЛВП 281/21**

-Тужба поднесена на 28.12.2021 година

-одржана расправа на 22.03.2022 година

- одржана расправа на 20.05.2022 година

- одложена расправа на 20.10.2022 година поради барање да се прибават списите од предметот П119/20

- одржана расправа на 15.12.2022 година

- донесена пресуда на 15.12.2022 година

- верифицирана на 25.09.2023 година

- доставена до странките на 25.09.2013 година

Поднесена жалба на 28.09.2023 година

Заклучок: од донесената пресуда на 15.12.2022 година до денот на верификација на истата на 25.09.2023 година изминат е период од повеќе од 9 месеци.

**МАЛВП 287/21**

- поднесена тужба на 30.12.2021 година

- расправата закажана за 07.04.2022 година е одложена поради здравствени причини на судечкиот судија

- одржана расправа на 05.07.2022 година

- одржана расправа на 14.10.2022 година

- рочиште за објавување на пресуда на 25.10.2022 година

- верифицирана на 28.04.2023 година

- доставена до странките на 02.05.2023 година

- нема поднесено жалба

Заклучок: од донесената пресуда на 25.10.2022 година до денот на верификација на истата на 28.04.2023 година изминат е период од повеќе од 6 месеци.

Заради увид во работата на судијата И.Т. побаран е листинг од АКМИС системот по случаен избор за месец мај 2023 година и видно од истиот предметите

-ВПП126/23 е примен во судот на 25.04.2023 година во судот , а судијата го примил на 27.04.2023 година, донесена и верифицарина е одлука на 15.05.2023 година

-ВПП2-37/23 е примен во судот на 03.04.2023 година во судот, а судијата го примил на 03.04.2023 година, донесена е одлуката на 24.04.2023 година и верифицирана е одлуката на 05.05.2023 година

-ВПП2-45/23 е примен во судот на 24.04.2023 година во судот, а судијата го примил на 26.04.2023 година, донесена е одлуката на 28.04.2023 година и верифицирана е одлуката на 02.05.2023 година

-ВПП2-51/23 е примен на 03.05.2023 година во судот, а судијата го примил на 04.04.2023 година, донесена е одлуката на 05.05.2023 година и верифицирана е одлуката на 09.05.2023 година

-ВПП2-53/23 е примен на 08.05.2023 година во судот, а судијата го примил на 03.04.2023 година, донесена е одлуката на 30.05.2023 година и верифицирана е одлуката на 31.05.2023 година

-ВПП2-533/18 е примен на 10.07.2023 година во судот, а судијата го примил на 18.07.2023 година, донесена е одлуката на 23.05.2023 година и верифицирана е одлуката на 24.05.2023 година

-ВПП 96/23 е примен на 28.03.2023 година во судот, а судијата го примил на 30.03.2023 година, донесена е одлуката на 10.05.2023 година и верифицирана е одлуката на 10.05.2023 година

МАЛВП-138/22- е примен на 23.08.2022 година во судот, а судијата го примил на 01.09.2022 година, донесена е одлуката на 04.05.2023 година и верифицарина е одлуката на 15.05.2023 година

МАЛВП-203/22- е примен на 02.12.2022 година во судот, а судијата го примил на 05.12.2022 година, донесена е одлуката на 05.05.2023 година и верифицирана е одлуката на 18.05.2023 година

П1-134/20- е примен на 23.09.2020 година во судот, а судијата го примил на 25.09.2020 година, донесена е одлуката на 25.04.2023 година и верифицирина е одлуката на 08.05.2023 година

П1-169/21- е примен на 20.09.2021 година во судот , а судијата го примил на 22.09.2021 година, донесена е одлуката на 02.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 03.05.2023 година

П1-231/22 - е примен на 21.12.2022 година во судот , а судијата го примил на 23.12.2022 година, донесена е одлуката на 15.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 19.05.2023 година

П2-102/22 - е примен на 19.10.2022 година во судот , а судијата го примил на 21.10.2022 година, донесена е одлуката на 10.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 10.05.2023 година

П2-84/20- е примен на 04.09.2020 година во судот , а судијата го примил на 21.09.2020 година, донесена е одлуката на 12.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 23.05.2023 година

П4-28/23- е примен на 13.04.2023 година во судот , а судијата го примил на 19.04.2023 година, донесена е одлуката на 15.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 15.05.2023 година

П4-80/21- е примен на 01.11.2021 година во судот , а судијата го примил на 03.11.2021 година, донесена е одлуката на 26.04.2023 година и верифицирина е одлуката на 11.05.2023 година

ППНИ-31/23- е примен на 27.03.2023 година во судот , а судијата го примил на 28.03.2020 година, донесена е одлуката на 05.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 05.05.2023 година

ППНИ-45/23- е примен на 27.03.2023 година во судот , а судијата го примил на 28.03.2020 година, донесена е одлуката на 05.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 05.05.2023 година

ППНИ-50/23- е примен на 02.05.2023 година во судот , а судијата го примил на 04.05.2020 година, донесена е одлуката на 10.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 10.05.2023 година

ППНИ-53/23- е примен на 12.05.2023 година во судот , а судијата го примил на 12.05.2020 година, донесена е одлуката на 19.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 19.05.2023 година

ППНИ-59/23- е примен на 18.05.2023 година во судот , а судијата го примил на 19.05.2020 година, донесена е одлуката на 26.05.2023 година и верифицирина е одлуката на 26 .05.2023 година

Во врска со оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа, која точка е наведена во Заклучокот на Советот, беше наведено дека во судот по однос на граѓанските предмети,

состојбата е таква што судиите работат на секој вид на предмети по сите уписници постапуваат сите судии што работат на таа материја, што не е едноставно, но успешно се справуваат со таквата состојба. По однос на состојбата со судската служба, стручните соработници се распоредени така што секој судија има стручен соработник, истите си ги извршуваат сите обврски согласно дадените задачи , а истото важи и за другите вработени во судот.

Побарано е од претседателот на судот да достави список на адвокати кои се ангажирани по службена должност за 2023 година и од истиот беше наведено дека адвокатите по службена должност се поставуваат согласно адвокатскиот именик за подрачје на О. по азбучен ред.

**Заклучоци:**

1.По однос на причините за изземање, констатирано е дека поголем број се одбиени, дел се уважени. Во Барањата со донесени Решенија за изземање, постојат законски и образложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање. Во предметите од СУ.ИЗЗ хронолошки не е констатирано постапување спротивно на законските прописи, донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање.

2.По однос на старите нерешени предмети, се постапува согласно Акциониот план за решавање на стари предмети, им се дава приоритет и се наоѓа решение на месечно ниво со цел намалување на нивниот број. Судиите секој месец доставуваат извештаи за стари и нерешени предмети, наведувајќи ги причините и преземените дејствија, така што од дадените изјави реално е да се очекува да се намали бројот на стари предмети, освен тие за кои постојат објективни причини.

3.Од табеларен преглед на предметите по однос на постапување на одредени судии, а видно и од ,,контрола на судови,, се констатира истекување на подолг период односно пречекорување на законски рокови од денот на објавување до денот на изготвување на одлуките односно верификација на истите, а за кои факти се препорачува да се следат секој месец по заклучување на месечниот извештај за причините на неизготвување во законкиот рок кои може да влијае и на неажурноста на судот.Треба да се превземат мерки за понатамошно испитување, за утврдување на причините за истекување на законските рокови по однос на изготвување на судски одлуки.

4. Извештајот кој ќе биде усвоен на седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија да се достави до претседателот на судот и истиот да биде разгледан на седница на судии кои ќе бидат запознаени со ваквите забелешки со цел во иднина да се надминат ваквите состојби.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Работна група**
**Членови на Советот**

**П.Ц.**

________________________

**м-р.М.М.**

______________________

**M.S.**

_________________________